| | | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 | 0 | 2.500.000 |
| **RA0** | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 482 | Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 1.150.000 | 150.000 | 94.169.000 | 42.978.454 | 37.763.000 | 14.408.263 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 133.382.000 | 57.536.717 | 75.845.283 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **67.954.000** | **31.085.783** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **67.954.000** | **31.085.783** | **36.868.217** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 49.584.000 | 22.681.374 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49.584.000 | 22.681.374 | 26.902.626 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 46.810.000 | 21.393.832 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 46.810.000 | 21.393.832 | 25.416.168 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 2.774.000 | 1.287.542 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.774.000 | 1.287.542 | 1.486.458 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 18.370.000 | 8.404.409 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.370.000 | 8.404.409 | 9.965.591 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 12.243.000 | 5.601.701 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.243.000 | 5.601.701 | 6.641.299 |
| 402190 | Други придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | 1.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200 | -1.200 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 4.965.000 | 2.271.826 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.965.000 | 2.271.826 | 2.693.174 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | 482.000 | 155.619 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 482.000 | 155.619 | 326.381 |
| 402290 | Други придонеси за Фондот за здравство | 0 | 0 | 0 | 494 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 494 | -494 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 680.000 | 373.482 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 680.000 | 373.482 | 306.518 |
| 402390 | Други придонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | 87 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 87 | -87 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.150.000** | **150.000** | **25.485.000** | **11.858.715** | **35.615.000** | **14.377.932** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **62.550.000** | **26.386.647** | **36.163.353** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 410.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 410.000 | 0 | 410.000 |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 140.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 140.000 | 0 | 140.000 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 0 | 150.000 |
| 420140 | Патување во земјата - споредни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 30.000 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 30.000 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 30.000 |
| 420240 | Патување во странство - споредни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 150.000 | 150.000 | 14.885.000 | 8.974.159 | 4.582.000 | 1.873.746 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.617.000 | 10.997.905 | 8.619.095 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 1.400.000 | 667.951 | 1.296.000 | 818.970 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.696.000 | 1.486.921 | 1.209.079 |

| Програма Потпрограма Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализација | Дотации План | Дотации Реализација | Самофинан.актив. План | Самофинан.актив. Реализација | Донации План | Донации Реализација | Кредити План | Кредити Реализација | Вкупно План | Вкупно Реализација | Останува за реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 0 | 800.000 | 130.206 | 735.000 | 257.349 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.535.000 | 387.555 | 1.147.445 |
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 0 | 820.000 | 162.231 | 694.000 | 269.092 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.514.000 | 431.323 | 1.082.677 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421210 | Централно греење | 0 | 0 | 10.700.000 | 7.267.463 | 450.000 | 106.537 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.150.000 | 7.374.000 | 3.776.000 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | 800.000 | 606.180 | 410.000 | 34.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.210.000 | 640.180 | 569.820 |
| 421310 | Пошта | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000 | 1.510 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000 | 1.510 | 13.490 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 0 | 180.000 | 84.331 | 525.000 | 203.666 | 0 | 0 | 0 | 0 | 705.000 | 287.997 | 417.003 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 0 | 12.000 | 1.996 | 32.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44.000 | 1.996 | 42.004 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | 100.000 | 50.000 | 275.000 | 178.999 | 0 | 0 | 0 | 0 | 375.000 | 228.999 | 146.001 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 0 | 0 | 73.000 | 3.801 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 163.000 | 3.801 | 159.199 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 60.000 | 3.623 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210.000 | 153.623 | 56.377 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 2.107.000 | 536.652 | 26.610.000 | 11.733.150 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 29.017.000 | 12.269.802 | 16.747.198 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 222.000 | 15.331 | 710.000 | 388.343 | 0 | 0 | 0 | 0 | 932.000 | 403.674 | 528.326 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 0 | 70.000 | 22.789 | 290.000 | 89.331 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360.000 | 112.120 | 247.880 |
| 423190 | Други административни материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423210 | Материјали за АОП | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 200.000 | 148.540 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 148.540 | 351.460 |
| 423320 | Обувки | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 0 | 400.000 |
| 423330 | Постелнина | 0 | 0 | 160.000 | 10.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.000 | 10.000 | 300.000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.160.000 | 9.176.840 | 290.000 | 0 | 0 | 0 | 22.450.000 | 9.176.840 | 13.273.160 |
| 423510 | Лекови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500 | -2.500 |
| 423530 | Стоматолошки материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 20.000 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 240.000 | 2.298 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 2.298 | 297.702 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 0 | 155.000 | 0 | 1.140.000 | 875.226 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.295.000 | 875.226 | 419.774 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 0 | 0 | 180.000 | 120.760 | 410.000 | 209.110 | 0 | 0 | 0 | 0 | 590.000 | 329.870 | 260.130 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 0 | 350.000 | 278.285 | 350.000 | 177.084 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 | 455.369 | 244.631 |
| 423830 | Резервни делови | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.000 | 0 | 90.000 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 320.000 | 89.487 | 750.000 | 663.878 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.070.000 | 753.365 | 316.635 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.000.000 | 0 | 3.445.000 | 609.284 | 2.860.000 | 368.093 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.305.000 | 977.377 | 6.327.623 |

| Програма / Потпрограма / Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализација | Дотации План | Дотации Реализација | Самофинан.актив. План | Самофинан.актив. Реализација | Донации План | Донации Реализација | Кредити План | Кредити Реализација | Вкупно План | Вкупно Реализација | Останува за реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми) | 0 | 0 | 200.000 | 75.470 | 220.000 | 64.540 | 0 | 0 | 0 | 0 | 420.000 | 140.010 | 279.990 |
| 424210 | Одржување на згради | 1.000.000 | 0 | 1.700.000 | 240.259 | 1.720.000 | 136.252 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.420.000 | 376.511 | 4.043.489 |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 0 | 0 | 750.000 | 114.165 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 | 114.165 | 635.835 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 0 | 195.000 | 24.602 | 120.000 | 9.334 | 0 | 0 | 0 | 0 | 315.000 | 33.936 | 281.064 |
| 424410 | Поправки и одржување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 31.506 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 31.506 | 18.494 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 0 | 220.000 | 68.497 | 120.000 | 54.918 | 0 | 0 | 0 | 0 | 340.000 | 123.415 | 216.585 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 0 | 0 | 300.000 | 35.636 | 520.000 | 53.430 | 0 | 0 | 0 | 0 | 820.000 | 89.066 | 730.934 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 0 | 80.000 | 28.955 | 110.000 | 18.113 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 47.068 | 142.932 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 0 | 0 | 21.700 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.700 | -21.700 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 4.782.000 | 1.698.282 | 742.000 | 210.708 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.524.000 | 1.908.990 | 3.615.010 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 60.000 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 0 | 0 | 30.000 | 38.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 38.300 | -8.300 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 0 | 0 | 0 | 4.816 | 4.000 | 2.010 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000 | 6.826 | -2.826 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 | 0 | 322.000 | 29.300 | 210.000 | 31.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 532.000 | 61.100 | 470.900 |
| 425790 | Други образовни услуги | 0 | 0 | 1.200.000 | 0 | 340.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.540.000 | 0 | 1.540.000 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 0 | 4.900 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.900 | -24.900 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 3.200.000 | 1.620.966 | 158.000 | 156.898 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.358.000 | 1.777.864 | 1.580.136 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 266.000 | 40.338 | 411.000 | 192.235 | 0 | 0 | 0 | 0 | 677.000 | 232.573 | 444.427 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 0 | 55.000 | 1.200 | 80.000 | 34.102 | 0 | 0 | 0 | 0 | 135.000 | 35.302 | 99.698 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 51.000 | 32.000 | 41.000 | 85.969 | 0 | 0 | 0 | 0 | 92.000 | 117.969 | -25.969 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 160.000 | 7.138 | 290.000 | 72.164 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 | 79.302 | 370.698 |
| 427 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463140 | Трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани деца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463190 | Останати трансфери до невладини организации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10.000** | **0** | **10.000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 |

| Програма / Потпрограма / Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализација | Дотации План | Дотации Реализација | Самофинан.актив. План | Самофинан.актив. Реализација | Донации План | Донации Реализација | Кредити План | Кредити Реализација | Вкупно План | Вкупно Реализација | Останува за реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 471110 | Социјална парична помош | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **730.000** | **33.956** | **2.138.000** | **30.331** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.868.000** | **64.287** | **2.803.713** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 530.000 | 33.956 | 1.750.000 | 30.331 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.280.000 | 64.287 | 2.215.713 |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 540.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 590.000 | 0 | 590.000 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 260.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360.000 | 0 | 360.000 |
| 480150 | Купување на кујнска опрема | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650.000 | 0 | 650.000 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 230.000 | 0 | 230.000 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 150.000 | 33.956 | 300.000 | 30.331 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 | 64.287 | 385.713 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 388.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 588.000 | 0 | 588.000 |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 388.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 488.000 | 0 | 488.000 |
| 483190 | Купување на друг мебел | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 100.000 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 486110 | Купување на моторни возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **VA0** | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 | 0 | 17.000.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **17.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **17.000.000** | **0** | **17.000.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482 | Други градежни објекти | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 | 0 | 17.000.000 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 | 0 | 8.000.000 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 | 0 | 8.000.000 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош – Скопје, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.
2.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/2**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06 и 8/13), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за Четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош,Скопје.
Нацрт - Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план е дефиниран од запад и северо-запад е ограничен по осовината на бул.„8-ми Септември“, од северо-исток по осовината на бул.„Никола Карев“ и дел по границите на КП 7090, КП 456, КП 458, КП 459 и од југо-запад и југо-исток по осовина на коритото на реката Вардар.
Површината на урбаниот опфат изнесува 22.2 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, големи трговски единици, складишта, парковско зеленило, заштитно зеленило, комунална инфраструктура и комунална супраструктура.
Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените на Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 („Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/12).
Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи
- Б2 – големи трговски единици
- Г4 – складишта
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Е1 – комунална инфраструктура

- Е2 – комунална супраструктура

Со деталниот урбанистички план се определени висините на градбите во метри должни и бројот на катови.

Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени куќи изнесува П+2+ПК (10.20м).

Максималната висина за градежни парцели наменети за големи трговски единици се движи од П+2 (12м) до П+5+ПК ( 21м).

Максималната висина за градежни парцели наменети за складишта од П+2 (12м) до П+3 (15м)

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
-максимална висина на објектот /до завршниот венец/ од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-5493/4
26.08.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет Карпош 4 – У.М. М 1, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет Карпош 4 – У.М. М 1, Општина Карпош – Скопје, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-5637/3
27.08.2013 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06 и 8/13), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет Карпош 4 – У.М. М 1, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува изменување и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет Карпош 4 – У.М. М 1, Општина Карпош – Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат оди по должината на улица „Никола Парапунов“ од источната и северната страна, постојната станбена улица „Новопланирана 1“ од северозападната страна и на југ булевар„Партизански одреди“.
Површината на урбаниот опфат изнесува 1.27ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени згради, заштитно зеленило и комунална супраструктура.
Намените предвидени во овој Детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 („Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/12).
Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А2- домување во станбени згради
- Д2 – заштитно зеленило
- Е2 – комунална супраструктура

Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени куќи изнесува П+5+ПК (18.00м) и П+6+ПК (21.00м).

Со планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела (м2)
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2),
- процент на изграденост (%),
- максимална развиена површина на објект(м2),
- коефициент на искористеност (К),
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот (до завршниот венец) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- текстуален дел,
- графички прилози,
- основни праметри за уредување на просторот и
- табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/5**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од МЗ „Пецо Божиновски-Трнодол“ – блок 3 и 5, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од МЗ „Пецо Божиновски-Трнодол“ – блок 3 и 5, Општина Карпош – Скопје, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/4**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06 и 8/13), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од МЗ „Пецо Божиновски-Трнодол“ – блок 3 и 5, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од МЗ „Пецо Божиновски-Трнодол“ – блок 3 и 5, Општина Карпош – Скопје.
Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

- На **југо-запад** границата е по осовината на улица „ Лесновска“, скршнува на север и се искачува по осовината на улица „Презвитор Константин“, скршнува на запад и се движи по осовината на улица „Кнез Трпимир“, се сече со осовината на улица „Трнодол“ и се движи кон север по нејзината осовината;
- На **северо-исток** границата е по осовината на улица „Лепенец“
- На **исток** границата коинцидира со дел од источната граница од ДУП МЗ „Пецо Божиновски-Трнодол“

Површината на урбаниот опфат изнесува 2.4ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, парковско зеленило и комунална инфраструктура.
Намените предвидени во овој Детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 („Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/12).
Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1- домување во станбени куќи
- Д1 – парковско зеленило

- Е1 – комунална инфраструктура

Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени куќи изнесува П+2+ПК (10.20м).

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела (м2),
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2),
- процент на изграденост (%),
- максимална развиена површина на објект (м2),
- коефициент на искористеност (К),
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот (до завршниот венец) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- текстуален дел,
- графички прилози,
- основни праметри за уредување на просторот и
- табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/6**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.13564/5 КО- Ѓорче Петров 4-Влае во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.13564/5, КО-Ѓорче Петров 4 – Влае, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-5637/5
27.08.2013 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објективо урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.13564/5 КО-Ѓорче Петров 4-Влае во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-6193 од 26.08.2011 година, на Анкица Спасеноска –Скопје, за објект на КП бр.13564/5, КО Ѓорче Петров 4-Влае, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-5493/7
26.08.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1294/2, КО- Злокуќани во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1294/2, КО-Злокуќани во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/6**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објективо урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1294/2, КО-Злокуќани во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош, УП1 бр.35-7322 од 31.08.2011 година, на „Метрополитен“ АД–Скопје, за објект на КП бр.1294/2, КО Злокуќани, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-5493/8
26.08.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за овластување на Комисијата за прописи на Советот на Општина Карпош да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за овластување на Комисијата за прописи на Советот на Општина Карпош да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Карпош, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09- 5637/7
27.08.2013 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

# О Д Л У К А
## за овластување на Комисијата за прописи на Советот на Општина Карпош да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Карпош

### Член 1

Се овластува Комисијата за прописи на Советот на Општина Карпош да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Карпош, во врска со Статутарната одлука за изменување на Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.8/2013).

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-5493/9**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство**

1. Се објавува Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/8**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012), а во врска со член 169, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 189/2011 и 15/2013), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство

**Член 1**

Се поништува постапката по Огласот за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош бр.64/2013 објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2013, поради тоа што на истиот не е поднесена ниту една понуда.

**Член 2**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.6/2013).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-5493/10
26.08.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ Вера Цививири Трена Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ Вера Цививири Трена Општина Карпош, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-5637/9
27.08.2013 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
**за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ „Вера Циривири Трена“ - Општина Карпош**

### Член 1

Се усвојува физибилити студијата за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ „ Вера Циривири Трена “- Општина Карпош.

### Член 2

Се започнува постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: ЈПП) за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ „ Вера Циривири Трена “- Општина Карпош, преку изградба современи монтажни од отворен и затворен тип повеќенаменско игралиште и помошни монтажни простории на површина од максимум **2240** м2 (64х35 ) во дворот на ООУ „ Вера Циривири Трена “- Општина Карпош, на КП бр. 7992 ДУП за УБ Карпош 2 одлука 07-2318/5 од 27.08.2008 година во сопственост на Општина Карпош.

Општина Карпош има потреба од изградба на повеќенаменско игралиште и помошни монтажни простории за обезбедување на квалитетни услови на учениците за одвивање на наставата по ФЗО во рамките на училишните активности и вонучилишните /дополнителни/ спортски активности.

Од друга страна, заради неможноста на училиштето за вложување на финансиски средства во капитални инвестиции, но и поради специфичноста во одржување на ваков тип објекти и нивно управување и одржување, истото не е во можност да планира модернизација на постојното игралиште.

### Член 3

Цели кои треба да се остварат со ЈПП се:

- обезбедување на квалитетни услови на учениците и граѓаните на општината за водење на здрав спортски живот кој ќе обезбеди квалитетен психофизички развој на младата популација,
- учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на граѓаните,
- создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот,

- афирмација на Општина Карпош како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа и
- афирмација на Општина Карпош во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

Член 4

Предмет на Договорот за ЈПП е:
-дизајнирање /изведбен проект/ на монтажна спортска инфраструктура повеќенаменско игралиште и помошните објекти,
-изградба и финансирање,
-управување и вработување на стручн кадр за воншколски спортски активности и
-одржување на целокупната монтажна спортска инфраструктура која е изградена на земја, а која ќе биде предадена во исправна состојба во сопственост на Општина Карпош по истекот на оперативниот период на договорот за ЈПП.

**Член 5**

Финансирањето на проектот е во целосна обврска (товар) и ризик на приватниот партнер, а највисок процент во бодувањето при изборот на приватниот партнер ќе биде критериумот за месечниот надоместок кој треба да го плака приватниот партнер, а кој не може да биде помал од 180.000,00 денари годишно, сметано по десетата година од воспоставувањето на ЈПП.
Одржувањето на спортската инфраструктура, трошоците за енергија, комунални услуги и други оперативни трошоци за тековно и комерцијално работење се на товар на приватниот партнер.
Приватниот партнер е потребно да ги предава на користење спортските објекти за време на редовната настава на учениците и тоа од 08-12 и 12-16 часот.

**Член 6**

Проценетата инвестицона вредност на ЈПП изнесува 8.500.000 денари без ДДВ, при што оперативниот период на договорот на ЈПП се утврдува во времетраење од 25 години.

**Член 7**

Договорот за ЈПП ќе се додели преку јавен повик кој што ќе се организира и спроведе како отворен повик согласно одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: Законот), во рок 180 дена од денот на стапување во сила на оваа одлука.

**Член 8**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош, да ја спроведе постапката за доделување на договор за ЈПП, да формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на Договор за ЈПП согласно член 20 од Законот и по донесувањето на Одлуката за избор на најповолен понудувач од страна на Советот на Општина Карпош да го склучи договорот за ЈПП со избраниот најповолен понудувач.

**Член 9**

Комисијата од член 8 на оваа одлука е должна да постапува согласно одредбите од Законот и во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука да изготви тендерска документација. По одобрувањето на тендерската документација од страна на Градоначалникот на Општина Карпош, Комисијата од член 8 на оваа одлука е должна јавниот повик за доставување на понуди за доделување на договор за ЈПП да го објави во "Службен гласник на Општина Карпош","Службен весник на РМ" и во домашно јавно гласило .

**Член 10**

Висината на надоместокот за издавање на тендерска документација ќе изнесува 100 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата на средствата.

**Член 11**

Оваа одлука да се објави во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-5493/11<br>26.08.2013 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА<br>СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на користење без паричен надомест на училишната спортска сала во ОУ „Аврам Писевски“ Карпош**

1. Се објавува Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на користење без паричен надомест на училишната сала во ОУ „Аврам Писевски“ Карпош, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-5637/10
27.08.2013 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанување на важење на Одлуката за давање на користење без паричен надомест на училишната спортска сала во ОУ „Аврам Писевски“ Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење без паричен надомест на училишната спортска сала во ОУ „Аврам Писевски“ - Карпош, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2010).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/12**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за издавање по д закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/11**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 и член 50, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.01/06 и 8/13), Советот на Општина Карпош на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

## за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува издавањето под закуп на училишни спортски сали и другиот простор во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош:

- ООУ „Аврам Писевски“-Бардовци
- ООУ „Братство“
- ООУ „Вера Циривири-Трена“
- ООУ „Владо Тасевски“
- ООУ „Војдан Чернодрински“
- ООУ „Димо Хаџи Димов“
- ООУ „Јан Амос КОменски“
- ООУ „Лазо Трповски“
- ООУ „Петар Поп Арсов“
- ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“'

Училишни спортски сали и другиот простор, предмет на издавање под закуп од став 1 на овој член ќе се издаваат за периодот од една учебна година.

### Член 2

Постапката за издавање под закуп на училишни спортски сали и другиот простор (холови и училници) во основните училишта од подрачјето на Општината, ќе ја спроведе Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

### Член 3

Висината на закупнината изнесува:

- за закуп на училишен хол 3 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата
- за закуп на училница 5 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата и

- за закуп на училишна спортска сала 10 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Средствата од закупнината се наменети за потребите на Општинските основни училишта.

**Член 4**

Издавањето на училишните спортски сали и другиот простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош се врши преку јавен оглас кој се објавува во средствата за јавно информирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-5493/13
26.08.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2013 година, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/12** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**27.08.2013 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2013 година

I.Во Програмата за дејноста спорт за 2013 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.15/2012 и 6/2013), во глава III. ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОД ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ, во точка 3. Материјална подршка на спортисти поединци во сверата на спортот од Општина Карпош, во делот: Време, зборот „Десет“ се заменува со зборот „Осум“.

II.Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/14**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за одобрување на средства за организирање на настанот за мода, луксузни марки и автомобили Concours d'eElegance 2013**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на средства за организирање на настанот за мода, луксузни марки и автомобили Concours d'eElegance 2013, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/13**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одобрување на средства за организирање на настанот за мода, луксузни марки и автомобили Concours d’eElegance 2013

**Член 1**

Се усвојува барањето за соработка за одобрување на средства за организирање на настанот за мода, луксузни марки и автомобили Concours d’eElegance 2013, бр.09-5267/1 од 01.08.2013 година, доставено од м-р Благоја Петровски.

**Член 2**

За реализирање на барањето од член 1 на оваа Одлука се одобруваат средства во износ од 300.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, Програма К4-Културни манифестации и творештво, ставка 464-разни трансфери, потставка 464990- други трансфери.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/15**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување на средства за закупување на штанд за одржување на Конференцијата за квалитет и безбедност на храна и хигиенско инженерство и дизајн 2013**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на средства за закупување на штанд за одржување на Конференцијата за квалитет и безбедност на храна и хигиенско инженерство и дизајн 2013, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/14**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на средства за закупување на штанд за одржување на Конференцијата за квалитет и безбедност на храна и хигиенско инженерство и дизајн 2013**

**Член 1**

Се усвојува барањето за закупување на штанд за одржување на Конференцијата за квалитет и безбедност на храна и хигиенско инженерство и дизајн 2013 бр.09-5267/1 од 01.08.2013 година, доставено од проф. д-р Владимир Какуринов.

**Член 2**

За реализирање на барањето од член 1 на оваа Одлука се одобруваат средства во износ од 123.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, Програма ЕО-општинска администрација, ставка-425-договорни услуги, потставка 425130-изнајмување на друг тип простор.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/16**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-5637/15
27.08.2013 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за утврдување Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2010), во членот 2, ставот 1 се менува и гласи:

„Ценовникот од член 1 на оваа Одлука е следен:
- последна страна 30.000,00 денари,
- 1/1 внатрешна страна 15.000,00 денари,
- 1/2 внатрешна страна 10.000,00 денари,
- 1/3 внатрешна страна 6.000,00 денари,
- 1/4 внатрешна страна 4.000,00 денари,
- насловна страна 1 см. 360,00 денари,
- последна страна 1 см. 260,00 денари,
- внатрешна страна 1 см. 240,00 денари,
-Лого со димензии 9 х 5 см. на која било страна освен насловна 2.000,00 денари и
- Инсертирање на леток 18.000,00 денари.“

Во став 2 алинејата 4 се брише.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/17**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за овластување на претседателот на Советот на Општина Карпош за потпишување на картирани хамер подлоги на детални урбанистички планови**

1. Се објавува Одлуката за овластување на претседателот на Советот на Општина Карпош за потпишување на картирани хамер подлоги на детални урбанистички планови, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/16**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за овластување на претседателот на Советот на Општина Карпош за потпишување на картирани хамер подлоги на детални урбанистички планови**

**Член 1**

Се овластува претседателот на Општина Карпош да ги потпише картираните хамер подлоги на ДУП за дел од МЗ Тафталиџе 1, Тафталиџе 30 УБ1, донесен со Одлука на Советот на Општина Карпош бр.07-914/3 од 22.02.2006 година, објавена во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2006, ДУП локалитет Карпош 4 Стара Телевизија, донесен со Одлука на Советот на Општина Карпош бр.07-2730/11 од 31.08.2009 година, објавена во „Службен гласник на Општина Карпош“ 9/2009 и ДУП Централен градски парк, блок 1, донесен со Одлука на Советот на Општина Карпош бр.07-9452/18 од 7.12.2012 година, објавена во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.15/2012.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-5493/18
26.08.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на проектот „Децата во акција за почиста околина“**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за прифаќање на проектот „Децата во акција за почиста околина“, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/17** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**27.08.2013 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за прифаќање на проектот „Децата во акција за почиста околина“

### Член 1

Во Одлуката за прифаќање на проектот „Децата во акција за почиста околина“ („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.15/2011), во член 2, зборовите „од 791.780,00 денари со вклучен ДДВ“ се заменуваат со зборовите „од 671.000,00 денари“.

### Член 2

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-5493/19
26.08.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2013 година, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/18**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Шестата седница одржана на 26.08.2013 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2013 година

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2013 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.15/2012) во Глава VII Парична помош за лица и семејства и хуманитарни акции, во делот: Цели, алинеја 2 се менува и гласи:

„Парична помош за лица и семејства во социјален ризик и лекување во државни здравствени институции и приватни здравствени институции кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија.“

II. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/20**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/19**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета

### Член 1

Се усвојува барањето за финансиска помош заради предизвикана материјална штета-оштетување на задно ветробранско стакло на ПМВ „Голф“ со регистарски таблички SK-148-LV, бр.07-5608/1 од 23.08.2013 година, доставено од Мехмети Рамадан, Општина Карпош – Скопје.

### Член 2

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 6.000,00 денари.

### Член 3

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, ЕО-општинска администрација, ставка 464-разни трансфери, потставка 464 990-други трансфери.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/21**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/20**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета**

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиска помош заради предизвикана материјална штета-оштетување три големи стакла од продавница, бр.07-5524/1 од 21.08.2013 година, доставено од Аземи Демиршаи, Општина Карпош – Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 11.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, ЕО-општинска администрација, ставка 464-разни трансфери, потставка 464 990-други трансфери.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-5493/22
26.08.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/21**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета**

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиска помош заради предизвикана материјална штета-оштетување на предно ветробранско стакло, бр.07-5606/1 од 23.08.2013 година, доставено од Јахија Мемедов, Општина Карпош – Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 15.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, ЕО-општинска администрација, ставка 464-разни трансфери, потставка 464 990-други трансфери.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/23**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06 и 8/13), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 27.08.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета, донесена на Шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 август 2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5637/22**
**27.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош на Шестата седница, одржана на 26.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета

### Член 1

Се усвојува барањето за финансиска помош заради предизвикана материјална штета-оштетување на задно ветробранско стакло на ПМВ „Рено-4“ со регистарски таблички SK-718-KT, бр.07-5607/1 од 23.08.2013 година, доставено од Мехмети Мустафа, Општина Карпош – Скопје.

### Член 2

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 4.000,00 денари.

### Член 3

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, ЕО-општинска администрација, ставка 464-разни трансфери, потставка 464 990-други трансфери.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-5493/24**
**26.08.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот за Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за II квартал 2013 година, со Решение за објавување,
2. Одлука за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план за Четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување,
3. Одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет Карпош 4 УМ М1, Општина Карпош, Скопје, со Решение за објавување,
4. Одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од МЗ„Пецо Божиновски-Трнодол“ Блок 3 и 5, Општина Карпош, Скопје,
5. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр. 13564/5, КО Ѓорче Петров 4-Влае, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
6. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр. 1294/2, КО Злокуќани, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
7. Одлука за овластување на Комисијата за прописи на Советот на Општина Карпош да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Карпош,
8. Одлука за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство,
9. Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ „Вера Циривири Трена”- Општина Карпош,
10. Одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на користење без паричен надомест на училишна спортска сала во ОУ„Аврам Писевски”Карпош,
11. Одлука за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територија на Општина Карпош,
12. Програма за изменување на Програма та за дејност на спорт за 2013 година,
13. Одлука за одобрување на средства за организирање на настанот за мода, луксузни марки и автомобили Concurs d’eElegance 2013,
14. Одлука за одобрување на средства за закупување на штанд за одржување на Конференцијата за квалитет и безбедност на храна и хигиенско инженерство и дизајн 2013 ,
15. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник,
16. Одлука за овластување на претседателот на Советот на Општина Карпош за потпишување на картирани хамер подлоги на детални урбанистички планови,
17. Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на проектот „Децата во акција за почиста околина”,
18. Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детска, социјалнаи здравствена заштита за 2013 година,
19. Одлука за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета,

20. Одлука за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета,
21. Одлука за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета и
22. Одлука за доделување на финансиска помош заради предизвикана материјална штета.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.„Радика“ бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци